НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (НКЕУ-МК)

16 ТА СЕСИЈА НА РАБОТНА ГРУПА 3 – ПРАВОСУДСТВО И ТЕМЕЛНИ ПРАВА – ПОГЛАВЈЕ 23 "ФРАНЦУСКИ ПРИДОНЕС ЗА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" ТЕМА:

"ПАТЕКИ ДО ИНТЕГРИТЕТ И НЕЗАВИСНОСТ НА ПРАВОСУДСТВОТО: КЛУЧЕН ПРЕДИЗВИК ВО РЕФОРМИТЕ ЗА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО И БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА"

ПРЕПОРАКИ

I. ПРЕПОРАКИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ ВО ПРАВОСУДСТВОТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. Судскиот совет и Советот на јавните обвинители да ја разгледаат можноста за воспоставување систем на задолжително годишно самооценување на судовите и јавните обвинителства, со цел унапредување на институционалниот интегритет, транспарентноста и отчетноста. За таа цел, да се иницира подготовка на единствена методологија и механизам за координација и следење на резултатите, со учество на претставници од судските и обвинителски совети, академската заедница и граѓанските организации, имајќи ги предвид принципите од член 11 на Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата.

2. Министерството за правда, во рамките на работните групи за измени на законите што го уредуваат функционирањето на судството и јавното обвинителство, да иницира попрецизно дефинирање на основите и постапките за утврдување дисциплинска одговорност на судиите и јавните обвинители, особено во случаи на пристрасно постапување, судир на интереси и сериозни повреди на етичките стандарди. Законските решенија да обезбедат јасни критериуми за разграничување на етичките од дисциплинските повреди, пропорционалност на санкциите, право на одбрана и ефективен правен лек. Судскиот совет и Советот на јавните обвинители да обезбедат редовно и навремено објавување на конечните одлуки за утврдена дисциплинска одговорност, со соодветно образложение, почитување на заштитата на личните податоци и објавување периодични збирни податоци за покренати и завршени постапки, видовите повреди и изречени мерки.

3. Министерството за правда, во соработка со Судскиот совет и надлежните судски институции, да иницира унапредување на постојниот Судски портал со цел да се обезбеди редовно, навремено и стандардизирано објавување на судските одлуки, вклучително и првостепените не правосилни одлуки, со јасно означување на нивниот правен статус и почитување на законските ограничувања за јавноста. За таа цел, да се утврдат единствени правила за анонимност и објавување на одлуките, како и функционален систем за нивно пребарување според суд, вид на предмет, правна област, датум и правосилност. Дополнително, да подготви план за техничко унапредување на порталот, со процена на потребните финансиски средства, извори на финансирање, рокови и институционални одговорности. Да се воспостави и механизам за периодично следење и јавно известување за редовноста и целосноста на објавувањето на судските одлуки.

4. Министерството за правда, во соработка со надлежните правосудни институции, да обезбеди доследна примена на претходната процена на влијанието на регулативата (ex-ante evaluation) при подготовката на нови закони и законски измени во областа на правосудството. Проценета да опфати анализа на очекуваните ефекти врз правната сигурност, усогласеноста на судската практика, институционалните капацитети и трошоците за спроведување.

Резултатите од проценатa да бидат јавно достапни и предмет на консултации со судиите, јавните обвинители, академската заедница и граѓанските организации, а утврдените ризици и потреби да бидат земени предвид при изработката на законските решенија и планирањето на нивната примена.

5.Јавното обвинителство да обезбеди проактивно и транспарентно остварување на надлежностите на Лицето за интегритет и Етичкиот совет, утврдени со Етичкиот кодекс на јавните обвинители. Лицето за интегритет да ја зајакне својата превентивна и советодавна улога преку давање насоки и мислења за етичките дилеми и ризиците од судир на интереси, додека Етичкиот совет редовно да објавува образложени ставови и мислења за примената на етичките стандарди, со почитување на доверливоста и заштитата на личните податоци. Врз основа на согледаните проблеми во примената на Кодексот, да се подготвуваат периодични анализи и препораки за превентивни мерки и насочени обуки на јавните обвинители.

II. ПРЕДЛОЗИ ЗА ИЗМЕНИ ВО ЗАКОНОТ ЗА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Во досегашната примена на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители се идентификувани одредени нормативни и практични слабости што влијаат врз ефикасноста на нејзиното функционирање, особено во постапката за прием на кандидати и спроведувањето на почетната обука. Оттука, се наметнува потребата од преиспитување и соодветни измени и дополнувања на одредбите од Глава IV – Обука на кандидати за судии и јавни обвинители, во насока на надминување на утврдените недостатоци.

1. Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители, по утврдувањето на бројот на слободни места и кадровските потреби по апелациони подрачја од страна на надлежните совети, да донесе годишен план за прием и почетна обука на кандидатите, со прецизно утврдени рокови за објавување на конкурсот, спроведување на приемниот испит, избор на кандидатите и почеток на обуката. Планот да обезбеди навремено завршување на приемната постапка и редовен почеток на почетната обука на 1 септември, со цел да се избегнат застои во подготовката на нови судии и јавни обвинители.

2. Министерството за правда да иницира измени на законските одредби за прием во Академијата за судии и јавни обвинители, со укинување на условот за најмалку две години работно искуство по положениот правосуден испит и отстранување на тестот за познавање странски јазик, психолошкиот тест и тестот за интегритет од приемната постапка. Изучувањето на странски јазик да биде составен дел од почетната обука, со проверка на стекнатото знаење на завршниот испит, додека психолошката процена и проверката на интегритетот да се преместат во фазата на избор на судии и јавни обвинители, под надлежност на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители. При ревизијата на условите за прием да се преиспита и оправданоста на евентуално воведување возрасна граница, во согласност со принципите на еднаквост и недискриминација.

3. Министерството за правда да иницира измени на член 34 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, со кои ќе се утврди задолжително времетраење на подготвителната настава од најмалку пет работни дена, со почеток најмалку 45 дена пред одржувањето на приемниот испит. Академијата да обезбеди навремено објавување на програмата, распоредот и наставните материјали, како и еднаков пристап до подготвителната настава за сите пријавени кандидати.

4. Министерството за правда да иницира измени на одредбите за приемниот испит во Академијата за судии и јавни обвинители, со кои испитот ќе се организира во два дела: квалификационен, за проверка на правните знаења, и практичен, за процена на способноста за нивна примена. Практичниот дел да опфати изработка на судска одлука или обвинителски акт врз основа на завршени судски предмети (ad acta), како и структурирано интервју. За оценувањето да се утврдат однапред објавени критериуми, единствен систем на бодирање и стандардизирани постапки, со цел да се обезбеди објективен и транспарентен избор на кандидатите врз основа на нивните аналитички, правни и практични способности.

5. Академијата за судии и јавни обвинители да воведе флексибилен модел на почетна обука, со индивидуални планови за учење приспособени на претходното знаење и професионалното искуство на кандидатите, со времетраење од 15 до 30 месеци. Обуката да се организира во две фази: подготвителна фаза од три месеци, во која преку самооценување и процена на компетенциите ќе се утврдуваат индивидуалните потреби за обука, и главна фаза од 12 до 27 месеци, со поголема застапеност на практичната настава и менторската работа. Индивидуалните планови да ги изготвува Академијата во соработка со кандидатите и менторите, врз основа на единствени критериуми, со посебно приспособување на обуката за кандидатите со претходно работно искуство во судовите и јавните обвинителства. Напредувањето и стекнатите компетенции да се следат преку периодични оценки, врз основа на кои ќе се приспособува понатамошниот тек на обуката.

6. По завршувањето на почетната обука и положувањето на завршниот испит, Академијата за судии и јавни обвинители да ги достави ранг-листите на кандидатите до Судскиот совет и Советот на јавните обвинители. Во постапката за избор на судии и јавни обвинители, двата совета да спроведат дополнителна проверка на интегритетот, вклучително и проверка на имотната состојба и психолошка процена на кандидатите, врз основа на законски утврдени критериуми и стандардизирани постапки. Резултатите од проверките да се земат предвид при донесувањето на образложени одлуки за избор, со обезбедување транспарентност, еднаков третман на кандидатите и право на правна заштита.